РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3448/11
20-01-2022 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по предметот оформен по сопствена иницијатива со број 12-3448/1 од 17.09.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-3448 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3448/1 од 17.09.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од ///, по електронски пат.

Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за незаконско користење имот на /// од страна на службено лице ///, кој во својство на /// на истата општина, злоупотребувајќи ја функцијата на ///, во предизборниот период за локалните избори во 2021 година, ги користел службените возила на општината, за партиски цели. Се наведува дека не се следел редоследот на предметите во постапките за легализација на дивоградби во општината, поради партиски причини. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се фотографии како докази.

По разгледувањето на пријавата со доставените докази, ДКСК констатира дека истата се однесува на слични наводи, изнесени во пријавата со број 12-895/1 од 05.02.2020 година, доставена до ДКСК од непознат подносител, па заради целисходно постапување по конкретниот случај, овој предмет, ДКСК го спои со означената пријава во оваа одлука.

Во насока на остварување на своите законски надлежности, ДКСК се обрати до Државен управен инспекторат при Министерство за информатичко општество и администрација и до /// и побара податоци, информации и документација кои се од значење за утврдување на состојбите за предметниот случај, од чија што страна доследно беше постапено.

ДКСК откако оцени дека располага со доволно докази по предметот, пристапи кон утврдување на состојбите, па по оцена на секој одделен доказ, како и на сите докази во целина и по извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти во предметот, го утврди следното:

По однос на изнесените наводи за легализација на дивоградби, не постои целисходен механизам врз основа на кој може да се оцени законското постпаување на службените лица во ///. Редоследот на постпувањето по предметите за легализација не е законски нормиран. Заради тоа Државниот управен инспекторат при Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: инспекторатот) известува дека нема основ да покренува било каква постапка по овие наводи од пријавата, а утврдувањето процесни пропусти за пријавениот случај, бара ангажирање огромен човечки потенцијал и ресурси. Оттаму, заради ограничените капацитети, практично е невозможно да се спроведе толку обемен инспекциски надзор, како би се провериле вака изнесените наводи во пријавата. Затоа, се препорачува да се иницира ревизија на усогласеност пред Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија, со цел да се проверат сомнежите за незаконско постапување по однос на предметите за легализација на дивоградби во ///.

Меѓутоа, имајќи предвид дека овој конкретен случај се однесува на изборни нерегуларности за локалните избори во 2021 година, ДКСК оцени дека подносителот можел своите сомнежи да ги пријави и пред Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија, по што оцени дека нема основ на покренува било каква постапка со цел проверка на вака изнесените наводи од пријавата.

Што се однесува до наводите за незаконско користење службени возила за време на предизборниот период за локалните избори во 2021 година, ДКСК, врз основа на прибавените докази, констатира контролни пропусти при изработката на патните налози нај службените лица /// и ///, кои секој работен ден од /// година до /// година, со службените возила, патувале на релација /// – ///, без да се наведе целта на патувањето и описот на службеното дејствие. А секој работен ден, за истата релација, службените лица поминувале различна километража, кои во одредени случаеви надминувала /// (///) километри. Токму овој елемент укажува на искористување на службената положба и овластувања од страна на претходно наведените службени лица, за партиски цели, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за Градоначалник на Градот Скопје, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, заведено под архивски број /// од /// година.

Согласно со чл. 74 од Изборниот Законик ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 04/06 ... 215/21):

*"Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбата од член 8-а и член 8-б од овој Законик, ДКСК е должна на јавна седница да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од пет дена од денот на поднесувањето на приговорот.*

*ДКСК одлучува по приговорите од став 1 на овој член на јавна седница и своите одлуки во рок од 24 часа ги објавува на својата веб страница. На седницата може да присуствува и подносителот на приговорот.*

*Против одлуката на Државната комисија за спречување на корупција од став 2 на овој член подносителот на приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на одлуката.*

*Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата."*

Имајќи предвид дека, овој конкретен предмет, не е оформен по поднесен приговор од организатор на изборната кампања или акредитиран набљудувач, ДКСК најпрво оцени дека постои правна пречка да изрече мерка од своја законска надлежност, ценејќи го фактот дека ниту во Изборниот Законик, ниту во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не се предвидени прекршочни

одредби за чл. 8-б од Изборниот Законик. Дополнително, во Изборниот Законик недостасуваат извршни одредби, во смисла на тоа, кој е овластен подносител на барањето за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд, во случај на констатиран прекршок на одредбите од Изборниот Законик, а за кои е предвидена прекршочна санкција. Постојат и правни небулози, по однос на прашањето за надлежноста на ДКСК за спроведување конкретни одредби од овој Законик.

Имајќи ги предвид ваквите правни празнини и небулози, ДКСК претходно, постапувајќи по предметот со број /// од /// година, до Министерството за правда на Република Северна Македонија, иницира измени и дополнувања на изборната регулатива, со цел надминување на истите, па повторното покренување на ова исто прашање, за ДКСК остана беспредметно. Оттаму, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно надлежно постапување и одлучи на начин како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: м-р Д. Д.